**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 26.11.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6002 | 1 | |


**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИОТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонска телевизија - Втор програмски сервис (МРТ2);

3. **Период опфатен со надзорот**: од 11 до 20 ноември 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 26 ноември 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

- **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*“).
- **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*“).
- **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

**Член 75 став 1 од Изборниот законик**

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Од 11 до 20 ноември, методолошки се селектирани вкупно – 3 часа 24 минути и 11 секунди, што опфаќаат вести, извештаи и експертски гледишта за внатрешно-политички и за други актуелни општествени теми.

Во двоцифрената минутажа, што редовно и низ претходните седум извештаи беше евидентирана кај ставките – „граѓански организации“, „други субјекти“, „амбасадори / меѓународни организации / странски политичари“ и „Влада на Република Македонија“, во осмиот извештај се вбројуваат и редовните вести и извештаи за завршните организациски работи што ги спроведува Државната изборна комисија во прилог на изборниот процес, пред сѐ – потврдите и/или отфрлањето на кандидатските листи поднесени од новоформираните коалиции или планираниот поединечен изборен настап на одредени политички партии. Но, информативната редакција низ неколку разговори и извештаи со елементи на коментар, придонесува и за поширок политиколошки поглед на изборниот процес, при што се издвојуваат правно-политичките размислувања на Маргарита Цаца Николовска за прашањето – дали е дозволено пратеничка кандидатура за лица против кои постојат тековни судски процеси, и анализата на Башким Бакиу за составот на кандидатските листи.

Всушност, увидот во статистичкиот распоред на информативната минутажа акумулирана за десет дена во ТВ Дневникот 2, го отсликува доминантниот интерес на оваа информативна редакција – преку фактографските жанрови – вест и извештај, да се известува пред сѐ за економските и за административните потенцијали на државата во прилог на нејзините евро-атлантски аспирации, со медиумски приказ на експертски ставови, на организирани граѓански заложби, како и на гледиштата од претставници на меѓународната заедница. Конкретно, во оваа смисла, најчести и најдолги беа прилозите што понудија официјален државен, потоа експертски, и граѓански коментар за Извештајот на ЕК во врска со демократските процеси во Република Македонија (*на пример, проследени се официјалните ставови на Министерството за надворешни работи и на Секретаријатот за европски прашања, но и анализите и ставовите на низа граѓански организации, меѓу кои и Фондацијата – Отворено општество Македонија, Центарот за граѓанско образование, Хелсиншкиот комитет, Институтот за истражување политики и добро владение; значително време им беше отстапено и на претставници на бизнис заедницата, организирана во стопанските комори*). Од другите, пошироко важни општествено-политички настани, информативната редакција на МРТ2 на албански јазик со опширен извештај ја проследи прес-конференцијата на Специјалното јавно обвинителство за новоотворената истрага под кодно име „Таргет“, без дополнителни коментари или други облици на новинарска реакција за можните импликации од искажаното во прилог на аферата „Прислушкување“.

***<u>Табела 1 - Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Политички субјект | Траење | Процент | |
| ДИК и други органи | 00:17:46 | 8,70 | % |
| Беса | 00:01:12 | 0,59 | % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:01:12 | 0,59 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:06:38 | 3,25 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:07:10 | 3,51 | % |
| СДСМ | 00:03:40 | 1,80 | % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:01:46 | 0,86 | % |
| Граѓански сектор | 00:22:34 | 11,05 | % |
| Влада на РМ | 00:17:19 | 8,48 | % |
| Други субјекти | 00:44:08 | 21,61 | % |
| Локална самоуправа | 00:02:45 | 1,35 | % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:39 | 0,32 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:02:14 | 1,09 | % |
| Експерти/аналитичари | 00:15:55 | 7,80 | % |

| | | |
|---|---|---|
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:20:12 | 9,90 % |
| Без субјекти | 00:10:11 | 4,99 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:01:23 | 0,68 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:06:56 | 3,40 % |
| Јавно обвинителство | 00:01:52 | 0,91 % |
| Судство | 00:06:50 | 3,35 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:50 | 0,41 % |
| Народно движење за Македонија | 00:02:03 | 1,00 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:04:41 | 2,29 % |
| Специјално обвинителство | 00:03:32 | 1,73 % |
| Демократски сојуз | 00:00:42 | 0,34 % |
| | **Вкупно: 03:24:11** | **100 %** |

Во однос на овие теми што доминираа во уредувачкиот избор низ десетте дена опфатени со мониторингот – со вкупно евидентирано време од 3 часа и 24 минути, релативно мала е информативната минутажа отстапена стриктно за партиските активности, што впрочем беа главно сведени на консолидирање на новосоздадените коалициски врски и на договарање на главните линии за изборен настап пред гласачкото тело. Имено, од прилозите за партиските / коалициските активности, во десетте анализирани изданија на ТВ Дневникот од 18:30 часот, прибележени се вкупно околу 27 минути, без драстични разлики при отстапување информативно време за предизборниот ангажман на која било политичка опција.

***<u>Табела 2 - Директни обраќања на субјектите</u>***

| МРТ 2 - албански јазик | | |
|---|---|---|
| **Субјект** | **Траење** | **Процент** |
| ДИК и други органи | 00:05:19 | 8,48 % |
| Беса | 00:00:51 | 1,35 % |
| СДСМ | 00:01:44 | 2,76 % |
| Коалиција ВМРО ДПМНЕ и др. | 00:00:58 | 1,54 % |
| Граѓански сектор | 00:06:52 | 10,95 % |
| Влада на РМ | 00:05:25 | 8,63 % |
| Други субјекти | 00:13:54 | 22,16 % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:03:45 | 5,98 % |
| Коалиција УНИТЕТИ, ДПА-ДР и НДП - Весел Мемеди | 00:00:32 | 0,85 % |
| Коалиција СДСМ и др. | 00:00:17 | 0,45 % |
| Експерти/аналитичари | 00:07:47 | 12,41 % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:40 | 4,25 % |
| Коалиција за промени и правда | 00:00:27 | 0,72 % |
| Судство | 00:00:35 | 0,93 % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:05:08 | 8,18 % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:02:38 | 4,20 % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:19 | 0,50 % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:00:18 | 0,48 % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:01:26 | 2,28 % |
| Јавно обвинителство | 00:00:12 | 0,32 % |
| Народно движење за Македонија | 00:00:34 | 0,90 % |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Специјално обвинителство | 00:00:52 | 1,38 | % |
| Локална самоуправа | 00:00:11 | 0,29 | % |
| | **Вкупно: 01:02:44** | **100** | **%** |

Од актуелните општествени теми што не произлегуваат непосредно од дневно-политичкиот и од партискиот предизборен делокруг, но кои секако се допираат со политичките одлуки на министерствата, на органите на државната управа и со работата на јавните претпријатија, преку опширни извештаи беше известувано за протестите на вработените во комбинатот „Југохром", времено затворен поради еколошки проблеми во тетовскиот регион, а забележани се и неколку социјални-репортажи чија тема се индивидуални или семејни приказни на социјално загрозени граѓани, што низ повеќемесечниот период на мониторингот се издвојува како новинарска/уредувачка карактеристика на информативната редакција на МРТ2 на албански јазик. Најобемни се прилозите содржински поврзани со низа државни и граѓански активности за одбележувањето на „Денот на албанската азбука", но и извештаи за граѓански и за академски активности директно насочени кон критика на постојните политики на некои министерства или на органи на државната управа (*на пример, со минутажа од близу 3 или повеќе минути, застапени се: дебатите организирани од „Транспарентност Македонија" - за начините за справување со корупцијата на изборните кампањи и за заштитата на „свиркачите" предложена според странски искуства опфатени во темата – „Законот за заштита на сведоците – искуства и предизвици"; дебата во МАНУ по повод „Меѓународниот ден на толеранцијата"; формирањето „Коалиција за медиумска писменост", проект на македонската Висока школа за новинарство; ставовите на експертите Сефер Тахири и Бојан Кордалов, по однос на нужната интеракција меѓу врхушките на политичките партии и гласачкото тело; соработката меѓу Министерството за локална самоуправа и УНДП за изготвување програма за развој на руралниот туризам; одбележувањето на Светскиот ден на претприемништвото - учеството на жените во бизнисот; пуштање во оптек - поштенска марка „75 години албанско училиште во Македонија"; помен за Астрит Дехари во Куманово, организиран од иницијативен одбор на с.Слупчане и од организацијата „Самоопределување" од Косово*).

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Дебати</u>*

На 15 ноември, од 20:30 часот (пладневна реприза на 16 ноември), во емисијата „Аргумент", емитувана е дебата на тема – „Кој е профилот на кандидатите од пратеничките листи предложени за 11 декември?", а учесници беа Валдет Џафери од ДУИ, Луан Треси од ДПА, Исак Шерифи, универзитетски професор, и Бесим Иљази, новинар.

*<u>Интервјуа</u>*

На 18 ноември (репризно на 19 ноември), од 20 часот, емитувано е едночасовно интервју со проф. д-р Аслан Хамити, од Филолошкиот факултет во Скопје, кој освен што зборува за сопствената повеќегодишна работна биографија за која се стекнал и со државната награда „13 Ноември", научно се осврнува и на општествената положба на современиот албански јазик во Република Македонија.

***Сектор за програмски работи***